# Сите деца заслужуваат среќно детство



| Позитивен завршеток | |
|---|---|
| **КЛУЧЕН КОНЦЕПТ/ НЕДОСТАТОК** | **Приказна за емпатијата** |
| **ЦЕЛИ** | • **Да се поттикне** емпатијата преку разбирање на чувствата и предизвиците на другите.<br>• **Да се демонстрира** вредноста на инклузивноста и почитта во групни услови.<br>• **Да се изградат** вештини за решавање конфликти преку позитивни акции и извинување.<br>• **Да се зајакнат** пријателствата преку прифаќање на различноста и практикување љубезност. |
| **ПРАШАЊА ЗА ДИСКУСИЈА ЗА ПОЗИТИВНИОТ ЗАВРШЕТОК** | 1. Како мислите дека се чувствувал Кристијан кога другите деца му се смееле на облеката? Што би направиле вие да бевте едно од децата?<br>2. Зошто Лазар одлучил да го сподели својот телефон со Кристијан? Како се чувствувал Кристијан на тоа?<br>3. Кога децата му се смееле на Кристијан во продавницата за сладолед, како мислите дека тоа влијаело врз него? Што можеле децата да направат поинаку во тој момент?<br>4. Зошто мислите дека децата одлучиле да му се извинат на Кристијан и му купиле сладолед?<br>5. Како можеме да се погрижиме сите да се чувствуваат вклучени, особено кога можеби немаат исти работи како нас? |
| **ПРЕДЛОЗИ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕСУРСИ** | • **Сценарија со играње улоги:** Учениците глумат сцени каде што ги покануваат другите да се приклучат, покажувајќи љубезност и инклузивност.<br>• **Дигитални квизови:** Користете алатки како Kahoot за да креирате квиз за емпатија и љубезност врз основа на темите на приказната.<br>• **Раскажување приказни преку интернет:** Платформи како Storybird им овозможуваат на учениците да креираат свои приказни за инклузија и пријателство.<br>• **Вежби засновани на зборови:** Направете крстозбор или пребарување зборови користејќи клучни зборови како „љубезност“ и „инклузија“ за да ги зајакнете позитивните вредности. |

# Сите деца заслужуваат среќно детство



**Негативен завршток**

| КЛУЧЕН КОНЦЕПТ/ НЕДОСТАТОК | **Приказна за емпатијата** |
|---|---|
| ЦЕЛИ | **Да се истражи** влијанието на исклучувањето врз поединците и заедниците.<br>**Да се развие** разбирање за тоа како нељубезните постапки можат емоционално да влијаат врз другите.<br>**Да се демонстрира** важноста на вклучувањето во создавањето позитивни социјални интеракции.<br>**Да се зајакнат** вештините за донесување одлуки преку анализа на етичките дилеми и последици. |
| ПРАШАЊА ЗА ДИСКУСИЈА ЗА НЕГАТИВНИОТ ЗАВРШЕТОК | 1. Зошто мислите дека другите деца му се смееле на Кристијан кога тој немал телефон нит пари? Како ова покажува недостаток на емпатија?<br>2. Како мислите дека се чувствувал Кристијан кога децата го игнорирале и му се смееле на облеката?<br>3. Зошто мислите дека Лазар го споделил својот телефон со Кристијан, но другите ученици не направиле никаков напор и не се потрудиле подоцна да го вклучат? Што кажува ова за нивното однесување кон другите кои се различни?<br>4. Дали мислите дека учениците сфатиле каква штета му нанеле на Кристијан кога му се смееле затоа што немал пари?<br>5. Како приказната можела да биде поинаква ако учениците се однесувале кон Кристијан со љубезност и го вклучувале? Што можеле да направат за да го избегнат тоа тој да не се чувствува тажен и изоставен? |
| ПРЕДЛОЗИ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕСУРСИ | • **Сценарија со играње улоги:** Учениците нека одглумат различни сценарија врз основа на приказната.<br>• **Дигитални квизови или игри:** Креирајте интерактивен квиз или игра (на платформи како Kahoot или Quizlet) каде што учениците одговараат на прашања поврзани со емоциите.<br>• **Онлајн платформи за раскажување приказни:** Користете платформи како Storybird каде што учениците можат да креираат алтернативни завршетоци на приказната.<br>• **Вежби засновани на зборови:** Учениците нека решат крстозборка или пребарување на зборови користејќи клучни термини од приказната, како што е „емпатија“. |